

# КВИЗ - тема ЈАЗИК

**1. Во македонскиот јазик согласки има:**

а) 26

б) 27

в) 5

**2. Кој збор не е правилно поделен на слогови?**

а) ис-пла-ше-ни

б) во-јво-да

в) не-ак-ти-вен



**3. Која именка е од среден род?**

а) дедо

б) село

в) кола

**4. Која именка не е од женски род?**

а) радост

б) камен

в) птица



**5. Зборовите: милост, жал, љубов, смеа и чувство се:**

а) конкретни именки

б) сопствени именки

в) апстрактни именки

**6. Во множина се именките:**

а) цвеќе, трева, пат

б) коли, сенки, заби

в) јагне, поток, топка




**7. Описни придавки се:**

а) дрвена, стаклено, волнен

б) бели, висок, добра

в) градски, речен, бабино




**8. Стандарден (литературен) јазик е оној што:**

а) се користи во некои делови од земјата

б) го сретнувам во народните творби

в) има утврдени правила и нив секој треба да ги почитува

**9. Кој глагол го покажува точно означеното време?**

а) научив - минато време

б) ќе дојде - сегашно време

в) читаме - идно време

**10. Кој глагол не покажува идно време?**

а) ќе патувате

б) отпатувавте

в) ќе патуваат



**11. Збор со спротивно значење на зборот влажно, е:**

а) облачно

б) суво

в) водено

**12. Зборовите: се смее и пее се:**

а) придавки

б) броеви

в) глаголи

**13. Од наведениве зборови описна придавка е:**

а) шарена

б) тетратка

в) пишува



**14. Во минато време е употребен глаголот:**

а) ќе дојдам

б) отиде

в) играте

**15. Од наведениве имиња, во наводници треба да стои:**

а) вујко Аце

б) кучето Леси

в) книгата Двојната Лота



**16. Именки во множина се:**

а) книга и страници

б) песни и пејачи

в) училиште и ученици

**17. Колку самогласки има во зборот распуст?**

а) четири

б) три

в) две

**18. Лична заменка е зборот:**

а) наш

б) јас

в) еве

**19. Во реченицата: ,,Заврши учебната 2020 година ", прирок е:**

а) заврши

б) година

в) учебната

**20. Во реченицата Илина чита книга подмет е:**

а) Илина б) чита в) книга

**21. Кој број не покажува приближна бројност:**



а) стотина

б) пет

в) три - четири